РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-5319/2
06-09-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по анонимна пријава за корупција, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 51-та седница, одржано на ден 01.09.2021 година донесе

## О д л у к а

Пријавата со бр. 12 - 5319/1 од 21.11.2019 година доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12 - 5319 од 2019 година, оформен по пријавата со бр. 12 - 5319/1 од 21.11.2019 година.

Предметот со број 12 5319 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12 - 5319 од 2019 година е оформен по пријава со бр. 12 - 5319/1 од 21.11.2019 година доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на непознат подносител – анонимна пријава.

Во доставената пријава изнесени се наводи за основани сомненија за коруптивни дејствија од страна на Општинската управа при град ---------.

Во конкретниот случај, станува збор за изведување на градежни работи во градот Ресен, за реконструкција на улиците ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------, а кои според подносителите не се изведувале согласно проектите кои биле јавно истакнати односно фактичката ситуација при реконструирањето на истите била таква што не се ставале соодветните материјали и елементи, потоа, имало незаинтересираност и никаква реакција од страна на општинските органи кои воделе контрола и надзор на работењето на градежната фирма – изведувач иако имало бројни забелешки од страна на граѓаните за неквалитетно изведување, а што според подносителите биле индиции за постоење на корупција.

Се бара ДКСК да реагира и да не се дозволи да се завршеле градежните работи без никаков квалитет, со многу видливи аномалии и несоодветно на проектот.

При разгледувањето на предметниот случај, Државната комисија ги зема во предвид наводите на подносителот и констатира дека во доставената пријава нема доволно јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, а воедно ДКСК нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата која е анонимна пријава, па оттука ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметниот случај, доставената пријава се отфрла, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Доставено до : Архива

Изработил: Ј.Ц., Советник
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК